Slow Food® Macedonia

ПРАВИЛНИК
за користење на
трговската марка на Слоу Фуд



ГЛАВА I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Предмет на заштита

(1) Симболот на стилизиран црвен полжав и називот Slow Food (Слоу Фуд) претставуваат регистрирана трговска марка која е предмет на законите за интелектуална сопственост и авторски права и е заштитена согласно меѓународните конвенции, како и македонското национално законодавство.
(2) Трговската марка „Слоу Фуд“ не смее да се користи, репродуцира или печати без претходно добиено писмено овластување.
(3) Со овој Правилник се утврдуваат правилата и стандардите за употреба на трговската марка „Слоу Фуд“ на територијата на Македонија, како и на сите нејзини изведени трговски марки.

Член 2
Дефиниции

(1) Под „изведени трговски марки“, во смисла на овој Правилник, се подразбираат сите визуелни идентитети, логоа и називи кои произлегуваат од основната трговска марка „Слоу Фуд“, а кои се користат за идентификување или промовирање на географска или тематска целина односно конвивиуми или специфични проекти/програми/настани на организацијата (Прилог 1). На пример: *Слоу Фуд Осогово, Слоу Фуд Алијанса на готвачи*, *Слоу Фуд Президиуми / Слатко од диви смокви,* итн.
(2) Под „Територијална канцеларија“ (Territorial Offices) според интерните акти на Слоу Фуд Интернационал и за потребите на овој Правилник се подразбира Националната организација Слоу Фуд Македонија.

Член 3
Сопственост и управување со трговската марка

(1) Единствен и ексклузивен сопственик на правата на трговската марка на Slow Food (графичкиот симбол на полжав и текстуалниот назив – Прилог 2), како и на сите изведени трговски марки, е меѓународната организација Слоу Фуд Интернационал (Slow Food Foundation ETS).
(2) Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ (СФМК) е овластена територијална канцеларија, која го поседува правото да ја користи и да управува со трговската марка (Slow Food Macedonia) и изведените трговски марки на својата референтна област (национално ниво), а телото кое дава овластувања во однос на понатамошната употреба е Националниот одбор (НО).

(3) Користењето на трговската марка од страна на Територијалната канцеларија се уредува преку потпишување и обновување на годишен договор помеѓу Слоу Фуд Македонија и Слоу Фуд Интернационал, со кој се потврдува заложбата за целосно почитување на естетските и етичките стандарди на движењето.

(4) СФМК има овластување да го додели, но и да го повлече правото на користење на изведена трговска марка на трети страни во Македонија, секогаш во согласност со правилата и ограничувањата утврдени во овој Правилник. Овластувањето за употреба може да се додели на:

- Локални структури на организацијата (Конвивиуми и тематски мрежи);
- Партнерски организации;
- Трети страни кои се во директна соработка или проектен однос со организацијата.

Кога некоја од овие организации или форми на соработка е воспоставена, ваквото овластување секогаш мора да се издаде во писмена форма и за точно одреден период.

(4) СФМК ја сноси одговорноста за мониторинг на правилното користење на трговските марки на национално ниво и е должна да го извести меѓународниот Одбор во случај на злоупотреба или постапување спротивно на овој Правилник.

ГЛАВА II
УПОТРЕБА НА ТРГОВСКИТЕ МАРКИ

Член 4
Употреба на трговската марка во рамки на Националната организација Слоу Фуд Македонија

(1) Слоу Фуд Македонија (СФМК) ја користи трговската марка „Слоу Фуд“ и својата изведената трговска марка (*Slow Food Macedonia*) за реализација на стратешки проекти, национални кампањи и за сите видови официјална комуникација со членството и јавноста.

(2) При реализирање на национални програми и активности (национални настани, саеми, изложби или тематски кампањи), СФМК настапува под својот примарен визуелен идентитет. Во овие активности, изведената трговска марка се користи за обележување на просторот, сценографијата, печатените материјали и дигиталните содржини, со цел јасно идентификување како организатор.

(3) Националниот одбор (НО) е должен да го одобри секој специфичен визуелен концепт за национални програми и активности, обезбедувајќи трговската марка да биде користена доследно, без деформации и во согласност со техничките стандарди за бои, фонтови и пропорции утврдени во овој Правилник.

(4) Доколку во рамките на национални програми и активности се промовираат специфични проекти (како на пр. *Арка на вкусови* или *Президиум*), СФМК ги користи соодветните изведени трговски марки на начин кој го истакнува нивното единство со националниот и меѓународниот бренд.

Член 5

Индивидуална употреба на трговската марка

(1) Ниту еден член на организацијата, во својство на физичко лице, не може да биде овластен за самостојно користење на трговската марка „Слоу Фуд“ за приватни или деловни цели.
(2) Секоја индивидуална употреба на името или логото без претходно одобрение од Националниот одбор се смета за злоупотреба и повлекува одговорност согласно Статутот на СФМК.
(3) Забраната за индивидуална употреба особено се однесува на производителите (членови или соработници), на кои им е строго забрането поставување на трговската марка директно врз производите, амбалажата или во форма на лепенки (налепници). Логото на Слоу Фуд не е сертификат за квалитет на храна и не смее да се користи како комерцијална ознака на поединечни артикли.

Член 6

Употреба на трговската марка од страна на Конвивиумите

(1) Конвивиумите ја употребуваат трговската марка „Слоу Фуд“ исклучиво доколку истата е придружена со официјалниот назив на соодветниот конвивиум (на пр. „Слоу Фуд Осогово“).
(2) Правото на користење на називот и симболите се стекнува по потпишувањето на Протоколот за основање на конвивиумот и неговото официјално впишување во меѓународниот регистар на Slow Food International.
(3) Конвивиумите можат да ја употребуваат изведената трговска марка само и исклучиво за активности и иницијативи кои се директно поврзани со нивната организациона дејност.
(4) На конвивиумот му е строго забрането:
- Користење на трговската марка без назив на конвивиумот.
- Користење на трговската марка само со името на националната организација, освен во случаи предвидени во Член 7 од овој Правилник.

(5) Неактивен конвивиум или конвивиум кој не се придржува до правилата од Протоколот и овој Правилник, го губи правото на употреба на изведената трговска марка, а овластувањето може да биде едностранo повлечено од страна на НО.

Член 7

Употреба на трговската марка од страна на тематските мрежи

(1) Тематските мрежи кои дејствуваат во рамките на СФМК согласно Правилникот за работа на тематски мрежи, имаат право да ја користат трговската марка исклучиво за цели и активности кои се во согласност со стратешките насоки и вредностите на организацијата, односно со претходно усвоената програма на тематската мрежа.
(2) Секоја тематска мрежа може да користи изведена верзија на трговската марка која јасно ја идентификува конкретната мрежа, следејќи ги техничките стандарди за визуелен идентитет пропишани од Слоу Фуд.

(2) Дополнително, секоја тематска мрежа може да користи сопствено лого кое ја отсликува мрежата, но секогаш во корелација со заштитената трговска марка на Слоу Фуд.
(3) Правото на користење на трговската марка престанува веднаш со згаснување на активноста на тематската мрежа или во случај на утврдено прекршување на етичките норми на Слоу Фуд Македонија.

Член 8

Употреба на трговската марка при исклучителни околности

(1) При исклучителни околности, како што се регионални настани организирани од еден или повеќе конвивиуми, може да се дозволи употреба на националната (Слоу Фуд Македонија) или некоја друга од изведените трговски марки на Слоу Фуд.
(2) За ваквата употреба, конвивиумот мора да обезбеди:

- Пишано овластување од СФМК за користење на националната трговска марка.
- Пишано овластување од меѓународниот Одбор за користење на друга изведена трговска марка.

(3) Условите за употреба, вклучително и евентуалните финансиски обврски или економски поврзаности, се одредуваат за секој случај поединечно.

Член 9

Дигитално присуство и интернет домени

(1) Регистрацијата на интернет домени кои го содржат името „Slow Food“ е дозволена под услов на претходно писмено одобрување од Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија.
(2) Веб-страната и доменот се сметаат за сопственост на организацијата (СФМК или соодветниот конвивиум), а не на поединечен лидер или член, и можат да се користат исклучиво за активности на организацијата.
(3) Во случај на престанок на постоењето (затворање) на конвивиумот, името на доменот мора веднаш да се поништи или да се пренесе во сопственост на Слоу Фуд Македонија.
(4) Правото на пристап, управување, уредување и објавување содржини на веб-страниците го имаат исклучиво овластени лица назначени од раководството на СФМК или матичниот конвивиум.

- Овие лица се должни да ги користат своите овластувања соодветно на принципите на движењето и за официјални цели на организацијата.
- Сите пристапни податоци (кориснички имиња и лозинки) мора да се чуваат во архивата на организацијата, а во случај на промена на овластеното лице, истите мора веднаш да бидат предадени на неговиот наследник или на Националниот одбор на СФМК.

ГЛАВА III
СОРАБОТКА СО ТРЕТИ СТРАНИ И ПОДДРЖУВАЧИ

Член 10

(1) Според член 3 на овој правилник, а во согласност со Кодексот за користење на логото и останатите интерни акти на меѓународната организација, Слоу Фуд Македонија (СФМК) е единствен субјект овластен да доделува право за користење на изведени трговски марки на трети страни (компании, спонзори, донатори).

(2) Правото на употреба од трети страни е непреносливо, временски ограничено и се уредува исклучиво со писмен Договор одобрен од Националниот одбор.

(3) Ниту еден поддржувач не смее да го користи основното лого на „Слоу Фуд“ (самостојниот полжав) како свој сопствен заштитен знак, туку исклучиво изведени ознаки кои го појаснуваат односот (пр. „Партнер на...“, „Поддржано од...“, „Пријател на...“)

Член 11
Институционални и стратешки партнерства

(1) СФМК (националната организација, локалните конвивиуми и/или тематските мрежи) може да воспостави непрофитни партнерства со јавни институции (државни органи, единици на локална самоуправа), образовни институции и други граѓански организации заради реализација на заеднички цели и проекти.

(2) Кај овој вид соработка, користењето на трговската марка е реципрочно (размена на логоа) и има исклучиво информативен карактер за да го означи партнерството на конкретниот проект или иницијатива.

(3) Користењето на логото на СФМК во овие случаи е предмет на:

- Меморандум за соработка или Договор за партнерство;
- Заеднички визуелен идентитет - логото на СФМК мора да биде прикажано рамноправно со логоата на останатите партнери, без да сугерира комерцијално покровителство.

(4) За секоја посебна употреба (на пр. на меморандуми, официјални плакати или веб-страници на институциите), партнерот е должен да побара одобрување од Извршната канцеларија или Националниот одбор за да се осигура правилна примена на графичките стандарди.

Член 12
Соработка со комерцијални субјекти

(1) Локалните конвивиуми и/или тематските мрежи врз основа на нивните теренски активности, можат да дејствуваат како предлагачи на препораки за вклучување ~~на комерцијални субјекти~~ (ресторани, гостилници, винарии, специјализирани продавници и сл) во мрежата на Слоу Фуд во Македонија.

(2) Предлозите се поднесуваат до локалниот лидер, извршната канцеларија, Националниот Совет или Националниот одбор на СФМК и истите детално се разгледуваат и образложуваат од нивна страна.

(3) Формалното овластување и визуелните материјали ги издава исклучиво Националниот одбор на СФМК.

(4) Овластувањето за користење на ознаката од страна на комерцијални субјекти се доделува под следниве услови:

1. Временско ограничување: Ознаката мора да ја содржи годината за која е издадена препораката и престанува да важи по истекот на наведениот период.
2. Проектна заснованост: Правото на користење мора да произлегува од специфична иницијатива, официјална публикација или проект.
3. Идентификација на издавачот: Ознаката мора јасно да го содржи називот на телото кое ја верификувало препораката (пр. „Слоу Фуд Гостилница“, за 2026 година, препорачано од Слоу Фуд Македонија.

(5) СФМК го задржува правото едностранo да го повлече овластувањето доколку субјектот престане да ги исполнува етичките и квалитативните критериуми на движењето Слоу Фуд.

Член 13
Видливост на соработката со финансиски поддржувачи

(1) Соработката со трети страни кои се појавуваат во улога на финансиски поддржувачи се класифицира во четири категории, согласно Правилникот за прибирање средства:

- Пријатели на Слоу Фуд (Мали производители/бизниси) - Субјекти кои работат според принципите на СФ и плаќаат годишен придонес во замена за промотивни поволности добиваат ознака „Пријател на Слоу Фуд Македонија“ со задолжително наведена година на важност.
- Партнери (Големи компании) - субјекти кои обезбедуваат стратешка годишна поддршка за СФМК, користат ознака „Официјален партнер на СФМК“ на проектна основа, со претходно одобрение на визуелот од Националниот одбор.
- Спонзори (Еднократна поддршка) - субјекти кои финансираат конкретен настан или активност се стекнуваат со право на користење на трговската марка СФМК исклучиво за промоција на конкретниот настан (пр. „Спонзор на Слоу Фуд Салон 2026“).
- Донатори (Физички и правни лица кои даваат безусловни донации) - немаат автоматско право на користење на трговската марка, освен ако тоа не е предвидено со посебен договор за донаторска кампања.

(2) СФМК ја задржува целосната сопственост над марката, а правото на употреба е предмет на претходно разгледување и писмено одобрување од страна на Националниот одбор (НО).

(3) Точните услови во однос на начинот, обемот и времетраењето на употребата на трговската марка задолжително се утврдуваат со писмен Договор.

(4) Секој деловен субјект кој се јавува во својство на спонзор или финансиски поддржувач е должен во целост да ги почитува одредбите на „Правилникот на Слоу Фуд за прибирање фондови“.

Член 14

Повлекување на овластувањето

(1) Националниот одбор (НО) на Слоу Фуд Македонија има ексклузивно овластување да го повлече претходно доделеното право за употреба на трговската марка „Слоу Фуд“ и нејзините изведени марки од кој било субјект (конвивиум, заедница или трета страна), доколку се утврди постапување спротивно на одредбите од овој Правилник.

(2) Националниот одбор (НО) го повлекува овластувањето во следниве случаи:

- Несоодветни активности: Доколку корисникот промовира иницијативи кои немаат врска со движењето или вклучува ентитети и компании чија дејност е во директен судир со филозофијата и етичките вредности на Слоу Фуд.
- Неовластено користење: Доколку корисникот ја користи марката без претходно писмено одобрение од НО, или продолжува да ја користи откако барањето за овластување му било одбиено.
- Недозволена комерцијализација: Доколку трета страна остварува директна економска добивка преку неовластено искористување на името на организацијата (на пр. продажба на производи со логото без посебен комерцијален договор).
- Повреда на стандардите: Доколку не се почитуваат техничките и графичките стандарди за примена на логото пропишани со овој Правилник.

(3) Процедурата за одземање на правото на користење се води согласно одредбите од Статутот на Слоу Фуд Македонија (Член 25) и Меѓународниот Статут на Слоу Фуд (Член 17).

(4) Одлуката за повлекување на овластувањето донесена од страна на НО мора да биде доставена до корисникот во писмена форма (преку препорачано писмо или официјална електронска пошта - e-mail).

(5) По приемот на одлуката за повлекување, субјектот е должен веднаш да престане со секаква употреба на трговската марка во печатена или дигитална форма, вклучувајќи ги и социјалните мрежи и интернет домените.

ГЛАВА IV

Преодни и завршни одредби

Член 15

Толкување на одредбите

(1) За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Националниот одбор на СФМК.

(2) Во случај на неусогласеност помеѓу овој Правилник и статутарните акти на меѓународната организација *Slow Food International*, предност имаат меѓународните акти и кодекси.

Член 16

Измени и дополнувања

(1) Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат по истата постапка по која е донесен, со одлука на Националниот совет на СФМК.

(2) Секоја промена во визуелните стандарди наметнати од меѓународното движење автоматски станува составен дел на овој Правилник.

Член 17

Надзор над примената

(1) Надзор над спроведувањето на овој Правилник врши Извршната канцеларија и Националниот одбор.

(2) Секое неовластено користење на трговските марки или постапување спротивно на овој Правилник повлекува дисциплинска одговорност за членовите, односно раскинување на договорите за соработка со трети страни.

Член 18

Влегување во сила

(1) Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување од страна на Националниот Совет.

(2) Правилникот ќе биде објавен на официјалната веб-страница на СФМК и доставен до сите локални конвивиуми.

ПРИЛОГ 1: ТРГОВСКИ МАРКИ СЛОУ ФУД

Меѓународна трговска марка

Обликот на полжавот и размерите помеѓу скриптот-пишаниот дел и полжавот не може да се променат. Постојат ограничувања во однос на бојата на полжавот, каде логото треба да е комбинација на следните три: бои црвена, црна и бела. Фонтот на називот ,,Слоу Фуд – Slow Food'' е *Roman Bauer Bodoni*.

Употребата на оваа трговска марка, секогаш мора да биде со овластување од страна на ИК (Слоу Фуд) и НО (Слоу Фуд Македонија) и како што е наведено подолу:

1- **Национална трговска марка**
Името на државата на англиски јазик Macedonia во фонтот Bauer Bodoni, мора да следи под зборот Slow Food; големината на полжавот не се менува и полжавот останува во централната положба над скриптот-пишаниот дел.

2- **Трговска марка на конвивиум**
Називот на конвивиумот мора да биде во фонтот Bauer Bodoni, и да следи под зборот Slow Food; симболот полжав треба да биде централно поставен над текстот.

3- **Останати изведени трговски марки**, Со цел да се прикаже дека секоја програма и локална група е дел од глобалната мрежа на Slow Food, изведените трговски марки, исто како и трговската марка на SF, мора да ги користат истите бои, фонтови и пропорции каде и да се употребуваат во светот. Изведените трговски марки можат да бидат структурирани на две нивоа.

- **Првото ниво** ја означува територијалната канцеларија, тематската група, заедницата или програмата. Текстот е со црвена боја, со фонт **Bauer Bodoni** и со голема почетна буква на секој збор.
- **Второто ниво** ја означува конкретната заедница, географската локација или производот. Текстот е со црна боја, напишан целосно со големи букви (all-caps), со фонт **Noto Sans Regular**.

ТМ во сопственост на Слоу Фуд Македонија:

- Трговска марка Арка на вкусови (Ark of taste)
- Трговска марка Слоу Фуд Президиум (Slow Food Presidium)
- Трговска марка Слоу Фуд Гостилници (Slow Food gostilnici)
- Трговска марка Слоу Вајн Македонија (Slow Wine Macedonia)
- Трговска марка Пазар на фармери (Earth Markets)
- Трговска марка Слоу Фуд алијанса на готвачи Македонија (Slow Food Chefs' Alliance Macedonia)
- Трговска марка Тера Мадре Ден (Terra Madre Day)
- Трговска марка Млеко
- Трговска марка Не за ГМО!
- Трговска марка Училишни градини

- Трговска марка Јади локално
- Трговска марка Трпеза Филм Фестивал

Примери за изведени трговски марки од точка:

1.

Slow Food® Bitola

Slow Food® Ohrid

3.1

Slow Food® Ark of Taste

Slow Food® Presidium

Slow Food® Cooks' Alliance

Slow Food® Travel

3.2

Slow Food® Presidium BODEGA RED POTATO

Slow Food® Cooks' Alliance LATVIA

ПРИЛОГ 2: ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПРИМЕНА НА ЛОГОТО

При примена на логото и негова апликација врз промотивен или едукативен материјал, потребно е да се почитуваат и техничките препораки, во однос на неговиот графички дизајн и карактеристики.

Обликот на полжавот и размерите помеѓу полжавот и текстот не може да се менуваат. Пропорциите помеѓу полжавот и текстот не смеат да се менуваат, ниту графиката на полжавот.

Дозволено е димензиите на големината на полжавот да се менува истовремено по двете оски, искривување или истегнување на логото не е дозволено

Фонтот што се користи за текстот е Bauer Bodoni Roman.

Пропорционалното менување на големината на логото не смее да биде помало од 1cm ширина. Нема ограничување за горната граница (големина).

Хартијата што се користи за печатење на комуникациски материјали, се препорачува да биде рециклирана или со спецификација од производителот/дистрибутерот дека е добиена на одржлив начин.

Примената на логото мора секогаш да биде овластена и со согласност на канцеларијата за комуникации на Слоу Фуд Македонија. Секогаш, кога има специфична апликација и примена на логото на Слоу Фуд, потребно е да се извршат консултации.



Употреба на лого за боја на бела позадина

- Полжав: црвена пантонска боја 485
- за печатење во процес на четири бои: 95% m + 100% y
- Текст Slow Food: во црна боја

Use of the color logo on a white background
Snail: color pantone red 485
To print in four-color process: 95%m + 100%y
Slow Food wording in black



Употреба на лого за боја на црна позадина

- Полжав: црвена боја пантонска боја 485
- за печатење во процес на четири бои: 95% m + 100% y
- Текст Slow Food: бела боја

Use of the color logo on a black background
Snail: color pantone red 485
To print in four-color process: 95%m + 100%y
Slow Food wording in white



Користење на логото во сива скала или црно / бело на бело позадина

- Полжав: 60% црна боја
- Текст Slow Food: 80% црна боја

Use of the logo in gray scale or black/white on white background
Snail: 60% black
Slow Food wording: 80% black



Употреба на логото во сива скала на црна позадина

- Полжав: бела боја
- Текст Slow Food: 50% сива боја

Use of the logo in gray scale on a black background
Snail: color white
Slow Food wording: 50% grey

Издание: 02
Датум на донесување: 10.05.2026 година